20261943083

# ☐ ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 август 2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ ВО ПОТПРОГРАМА ДА-ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА, СТАВКА 464-РАЗНИ ТРАНСФЕРИ ВО БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25 и 174/26), утврдени во Раздел 13001 - Министерство за транспорт, Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, Ставка 464 – Разни трансфери, која е зголемена за 200.000.000 денари, ќе се користат наменски за исплата на плати и надоместоци од плата на вработените на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, исплата на надоместок за користење на железничката инфраструктура за превоз на стока кон Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, како и за сервисирање на обврските на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје кон добавувачи за набавки потребни за одржување на возниот парк.

Член 2

Се задолжува Министерството за транспорт, средствата од член 1 од оваа одлука да ги префрли на посебна наменска сметка на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.

Член 3

Се задолжува Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, да достави извештај за наменско користење на средствата од член 1 од оваа одлука до Министерството за транспорт во рок од еден месец по исплатата.

Член 4

Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, распределените средства од член 1 од оваа одлука треба да ги користи за намените предвидени во членот 1 од оваа одлука, во спротивно Железници на Република Северна Македонија Транспорт

АД – Скопје има обврска да ги врати и уплати средствата во буџетот на Република Северна Македонија.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-6713/6
18 август 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.